РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 03-3617/1
19-10-2020 20 год.-vit
СКОПЈЕ-SHKUP

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА
## УТВРДЕНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија - 2020

Октомври, Скопје 2020

## СОДРЖИНА


Вовед 1

1. Законска регулатива 2
2. Постапување на ДКСК за спречување на корупцијата во политиката 3
2.1. Преземени дејствија од ДКСК со цел поефикасно следење на изборниот процес 3
2.2. Постапување по предмети за непочитување на член 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ 6
3. Постапување на ДКСК во врска со финансиските извештаи од учесниците во изборната кампања 2020 година 8
4. Системски недоследности и слабости 15
5. Заклучоци 17
6. Препораки 18

Анекс 1 19

Анекс 2 39

Анекс 3 43

Користени кратенки

| | |
|---|---|
| ДКСК | Државна комисија за спречување корупција |
| Парламентарни Избори 2020 | Предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2020 |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЗСКСИ | Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси |
| ЗФПП | Закон за финансирање на политичките партии |

ВОВЕД

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст - ДКСК), постапувајќи согласно надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, глава четврта – Спречување на корупцијата во политиката како и Изборниот законик, имаше активна улога и во изборниот процес поврзан со предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Парламентарни избори 2020).

Согласно Решението од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија број 09-1422/1 од 16.2.2020 година за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Парламентарните избори 2020 беа планирани да се одржат на 12 април 2020 година, но поради настанатата вонредна состојба предизвикна од COVID-19 пандемијата, истите се одложија и беа одржани на 15 јули 2020 година согласно Решението за изменување и дополнување на решението за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија број 09-2094/1 од 15.6.2020 година исто така донесено од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

За изборот на пратеници, кандидатски листи во шест изборни единици поднесоа 15 учесници, од кои 12 партии и 3 коалиции кои согласно Изборниот законик организираа изборни кампањи со цел претставување на своите партиски, односно коалициски програми.

Организацијата на изборната кампања, обезбедувањето и користењето на финансиските средства за водење на изборната кампања, како и севкупното финансирање и финансиско работење на учесниците во изборната кампања се уредени со законски прописи, кои учесниците во изборниот процес се должни да ги почитуваат.

За време на Парламентарните избори 2020, ДКСК постапуваше во согласност со своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии (во натамошниот текст ЗФПП) и други закони.

Во текот на своето постапување по предмети оформени по доставени приговори, предмети оформени по сопствена иницијатива и по пријави доставени од граѓани, ДКСК утврди одредени состојби, и врз основа на член 36 став 3 од ЗСКСИ го подготви овој Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборна кампања со цел непосредно запознавање на Собранието на Република Северна Македонија со утврдените состојби и констатации и за кои дава соодветни препораки.

## 1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Активностите и постапувањето на ДКСК во изборните процеси се уредени со:

- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: глава четврта: Спречување на корупцијата во политиката: членови 32, 33, 34, 35, 36, 37;
- Изборен законик: членови 8-а, 8-б, 74, 78-а, 83, 83-а, 83-б, 84-б, 85, 85-а, 179, 189;
- Законот за финансирање на политичките партии: членови 8,10, 10-а, 13, 16, 17, 25, 27-а;
- Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2020 и 154/20);
- Уредбата со законска сила за прашањата поврзани со изборите за пратениците во Собранието на РСМ на 15 јули 2020 година („Службен весник на РСМ" број 160/20 и 169/20).

Содржината на одредбите од наведените членови во споменатите закони и прописи се прикажани во Анекс 1 прилог кон овој Извештај.

Со донесувањето на Решението од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија број 09-1422/1 од 16.2.2020 година за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, започна изборниот процес кој траеше до 18 март 2020 година, кога од страна на претседателот на Република Северна Македонија беше прогласена вонредна состојба поради состојбите предизвикани од COVID-19 кризата. Согласно своите надлежности во вонредна состојба, Владата на 21.3.2020 година донесе Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес број 44-2413/1 каде се уреди дека од денот на донесувањето на Уредбата па сè до денот на престанокот на вонредната состојба, се прекинуваат сите изборни активности за спроведување избори за пратеници. Исто така во членовите 7 и 8 од Уредбата е наведено дека од денот на примената на Уредбата па сè до денот на престанок на вонредната состојба, не се применуваат членовите 8-а, 75-г, 75-д, 84-а од Изборниот законик, како и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Вонредна состојба беше прогласувана неколку пати, а заврши на 13 јуни 2020 година.

Согласно член 15 од Изборниот законик, ДИК донесе Одлука за изменување на роковникот за роковите за спроведување на изборните дејствија[1], со која изборната кампања започнува на 24 јуни 2020 година во 00:00 часот, а завршува на 12 јули 2020 година во 24:00 (доколку има прегласување, кампањата завршува на 26 јули 2020 година во 24:00).

[1] Ревидиран роковник за продолжување на изборните дејствија за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули, број 10-467/2 од 16.6.2020 година и
Одлука за изменување на ревидираниот роковник број 08-467/3 од 28.6.2020 година

## 2. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА

Во глава IV Спречување на корупцијата во политиката од ЗСКСИ[2], утврдени се постапките, активностите и мерките на ДКСК во однос на повреда на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, финансирањето на изборната кампања, располагањето со јавните добра и средства за време на изборниот процес, односно од распишувањето на изборите сè до завршување на изборот за пратеници во Собранието на РСМ и избор на Влада на РСМ. Во таа насока, по објавувањето на Решението за распишување на предвремените парламентарни избори, ДКСК презема активности во насока на организација на минималните ресурсите со кои располага (човечки, технички) заради воспоставување ефикасен монитринг на законитоста на финансирањето на изборната кампања, контролата на злоупотреба на буџетските средства во периодот по распишување на изборите, забраната за нови инвестиции и вонредни исплати, злоупотребата за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори, утврдувањето на злоупотреба на финансирање на политичките партии за време на изборна кампања, поткупот на избирачи, влијание при избор, именување и разрешување на раководни места.

### 2.1. ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ОД ДКСК СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНО СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

#### 2.1.1. ЕФЕКТИ ОД ИЗМЕНИТЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Врз основа на слабостите на законските одредби согледани за време на претседателски избори во 2019 година, ДКСК достави повеќе предлози кои беа прифатени и вградени во измените и дополнувањата на Изборниот законик со кои се зајакнаа надлежностите на ДКСК, ДИК, ААВМУ во однос на нивното постапување. Имено,

- Во текот на претседателските избори, голем број на пријави, претставки и барања мислење пристигнаа до ДКСК заради сомнежи за повреда на забраната за вработување во време на изборен процес поради вработувања како случаи на итни и неодложни работи. Како резултат на ова, во член 2 од Изборниот законик, се додаде нова точка 29 каде се дефинирани случаите на итни и неодложни работи;
- За реализирање на надлежностите на ДКСК предвидени со членовите 32 и 35 од ЗСКСИ - следење на законитоста на финансирањето на изборната кампања и забрана за користење противправни и анонимни извори за време на избори, во член 71 се додаде нова точка 13, со што на ДКСК и ДЗР им се овозможи бесплатен електронски пристап до трансакциските сметки отворени за изборни цели, сè до нивно затворање;
- Се изврши усогласување на член 74-а од Изборниот законик со член 32 од ЗСКСИ така што наместото на ДЗР, во случаи на поднесени приговори за непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања, постапките ги води ДКСК согласно наведениот член 32;
- Во членовите 76-в и 76-д се зајакнаа механизмите за контрола на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги над радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) со цел реална и

[2] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19

објективна исплата на средства од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање;

- Со член 76-д се ограничи износот на средства што од Буџетот на РСМ треба да се издвои за исплата на средства кон радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) по основ на платено политичко рекламирање;
- Со член 78-а правните лица кои стопанисуваат со рекламни паноа и билборди се задолжија да доставуваат извештаи за доделените локации, средствата кои се побаруваат, како и средствата кои се наплатени;
- Пропишани се соодветни прекршочни мерки.

### 2.1.2. ОБЈАВЕНО СООПШТЕНИЕ

На почеток на овој изборен процес, исто како и за Претседателските избори од 2019 година, во функција на превентивно делување, ДКСК на својата веб-страница објави Соопштение со објаснување на законските ограничувања за сите државни органи и институци за време на изборниот процес. Соопштението ги содржи законските забрани во членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 и 36 од ЗСКСИ. Во Соопштението беше укажано дека ДКСК ќе го следи целиот изборен процес и во случаите кога постои основано сомневање дека се прекршува законот, ќе врши проверка на таквите сомневања, ќе ги извести надлежните органи и ќе бара преземање активности во рамките на нивното надлежно постапување. Исто така беше укажано дека почитувањето на ограничувањата утврдени во претходно наведените законски одредби, претставуваат обврска на одговорните лица на државните органи и други субјекти, а во случај на констатирани прекршувања и злоупотреби ќе преземе активности и мерки согласно закон.

### 2.1.3. ВЕБ-АПЛИКАЦИИ

**Регистар на службени возила и Пријава за незаконитости**

Согледувајќи ги превентивните ефекти од користењето на веб-апликација - Регистар на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, воспоставена за Претседателските избори во 2019 година, ДКСК достави барање до сите државни органи, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија и други правни лица што располагат со државен капитал, за ажурирање на податоците во Регистарот, во смисла на пријавување на новонабавени возила и бришење на продадени или отпишани/расходувани возила. Државните органи се одзваа на барањето на ДКСК и ги извршија бараните ажурирања.

Исто така, ДКСК на веб-страницата повторно го објави образецот - **Пријава за сомневања за постоење незаконитости и прекршувања во изборниот процес** која се покажа како добра алатка за пријавување неправилности или евентуални прекршувања на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции во текот на изборната кампања како на пример сомневање за: користење службени простории, опрема и службени возила на државните органи за потребите на изборната кампања, вршење и обид за вршење притисок и заплашување гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица, отпочнување изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени

дејности - училишта, градинки и други објекти, исплаќања плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, отуѓување државен капитал, потпишување колективни договори, спроведени постапки за вработување нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, примање или давање поткуп на избирачи, користење противправни и анонимни извори за финансирање за време на избори итн.

### 2.1.4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС 2020 ГОДИНА

Измените во Изборниот законик беа објавени во „Службен весник на РСМ“ 42/2020 на 16.2.2020 година, истиот ден кога претседателот на Собранието на РСМ го објави решението на распишување на предвремените парламентарни избори.

Понудените решенија во дел од одредбите (член 71 точка 7-трансфер на средства, член 83-извори за финансирање, и членовите 84-б и 85 точка 1-известување) предизвикаа нејаснотии во однос на нивната примена, така што институциите задолжени за спроведување на Изборниот закон: Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија одржаа работна средба со министерот за правда како предлагач на измените на законот, а со цел појаснување на одредбите и нивна еднаква примена.

Во насока на реализација на новите надлежности на ДКСК и ДЗР за електронски пристап до трансакциските сметки на учесниците во овие избори, на ден 3.3.2020 година ДКСК и ДЗР одржаа средба со претставници на 14 банкарски институции на која се договори форматот и начинот за обезбедување пристап до овие сметки. Сите банки покажаа спремност на најлесен начин и во најкус можен рок да овозможат пристап на ДКСК и ДЗР до трансакциските сметки на сите учесници во Парламентарните избори 2020.

Имајќи ги предвид измените во член 83 од Изборниот законик во делот за проширување на изворите за финансирање на изборните кампањи како и искуствата за прибирање донации во изборните циклуси од минати години, ДКСК оствари соработка со Министерството за труд и социјална политика на РСМ и обезбеди увид во базата на податоци на корисници на секаков вид социјална помош што физичко лице или семејство ги добива од државата. Оваа активност беше во насока да се отстрани ризикот дека корисниците на социјална помош може да се донатори на изборните кампањи.

### 2.1.5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ СО IFES

Соработката со ИФЕС [3] – Меѓународна фондација за изборни системи продолжи и во овој изборен процес. Со финансиска поддршка на IFES беше реализиран проектот за ангажирање набљудувачи за времетраење на изборната кампања по примерот на Агенцијата за спречување на корупцијата од Република Србија. Овој проект започна со реализација во јуни 2020 година, кога имаше сигурни најави дека изборите ќе се одржат во јули 2020 година.

[3] IFES-International Foundation for Electoral Systems

На 13.6.2020 година, преку социјалните мрежи ДКСК објави јавен повик за пријавување набљудувачи, и изврши избор на 17 од планираните 20 набљудувачи. ДКСК изготви Упатство за постапување на набљудувачите каде беше објаснето на кои партиски активности набљудувачите треба да го насочат своето внимание и истите да ги документираат: рекламирање преку изборни плакати, билборди, сити-лајт, плакати, реклами над надвозници, згради; вид на рекламен материјал кој се дава на граѓаните: блузи, маици, капи, нотеси, пенкала, запалки и секој друг вид рекламен материјал; локации на одржување средби со локално население преку трибини, улични средби; проверка дека рекламирањето преку локални радиодифузери (локални телевизии и радиостаници) го вршат медиуми кои се регистрирани во ДИК; документирање на локациите што партиите ги користат како канцеларии за изборните активности. Исто така ДКСК обезбеди онлајн обука со цел запознавање на избраните набљудувачи со начинот на кој партиите ги реализираат изборните претставувања согласно законот, што се очекува од нив како набљудувачи да обезбедат за потребите на ДКСК како и начинот на кој тоа ќе се реализира.

Целта на овој проект беше да се обезбедат докази за сите трошоци кои произлегуваат од активностите на изборното претставување на партиите и нивно поврзување со трошоците прикажани во финансиските извештаи за изборната кампања како и со обезбедените извори на финансирање.

Добиените податоци се групирани според учесници во изборната кампања, и истите ќе бидат споделени со Државниот завод за ревизија, како дополнителни докази за потврдување на објавените приходи и трошоци при ревизија на финансиските извештаи.

## 2.2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЧЛЕН 8-А И 8-Б ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК И ЧЛЕН 34 ОД ЗСКСИ

Во текот на изборниот период кој траеше од 16.2.2020 до 21.3.2020 година и од 24.6. до 12.7.2020 година (периодот од 22.3.2020 до 23.6.2020 година е период на вонредна состојба), до ДКСК беа доставени **32** поднесоци со наводи за сомневање за сторени прекршувања и непочитување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и одредбите од член 34 од ЗСКСИ, од кои:

- 5 – приговори поднесени од организатор на изборна кампања,
- 6 – поднесоци доставени како приговори по кои ДКСК постапуваше како редовни пријави бидејќи истите не беа поднесени од организатор на изборна капања и
- 21 – пријави од правни/физички лица

ДКСК поведе и една постапка по сопствена иницијатива.

Постапувајќи во согласност со членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 74 од Изборниот законик, во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, ДКСК во текот на изборната кампања одржа пет јавни седници во Клубот на пратеници со едновремено почитување на мерките и протоколите за заштита од COVID-19 вирусот. Одржувањето на седниците беше поддржано од IFES во рамките на претходно наведениот проект. ДКСК навремено упатуваше известувања до медиумите, со дневен ред во кој беа наведени приговорите, предмет за разгледување на

закажаната јавна седница. На јавните седници редовно беа поканети и овластените претставници на подносителите на приговорите, но истите не присуствуваа.

ДКСК ги разгледа и постапи по сите доставени пет приговори со наводи за сомневања за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал, како и еден предмет оформен по сопствена иницијатива.

### 2.2.1. ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПРИГОВОРИ

Согласно член 33 став 2 од ЗСКСИ, во случај на постоење сомневање за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетските средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од ЗСКСИ кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување на одлуката за распишување на изборите, ДКСК по сопствена иницијатива или поднесен приговор од организатор на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба.

Од страна на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ до ДКСК доставени се 11 приговори. По пет од нив ДКСК постапи на начин согласно член 33 од ЗСКСИ, додека за шест од нив, бидејќи не беа доставени од организатор на изборна кампања, постапките се водеа согласно член 23 од ЗСКСИ.

Во однос на постапувањето по поднесените пет приговори, ДКСК донесе:

- три одлуки за отфрлање на наводите. За една од донесените одлуки подносителот на приговорот достави тужба до Управен суд, но истата беше отфрлена како неоснована;
- две одлуки за прифаќање на наводите по што поднесена е една иницијатива до Владата за утврдување одговорност на избрано лице за повреда на член 8-а, а другата донесена одлука е поништена од Управен суд по поднесена жалба од сторителот на повредата на член 8-а од Изборниот законик.

Во Анекс 2 кон овој извештај даден е детален преглед за постапувањето на ДКСК по доставените приговори.

### 2.2.2. ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО СОПСТВЕНА ИНИЦИЈАТИВА

ДКСК поведе постапка по сопствена иницијатива против ректорот на УКИМ за повреда на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, односно спроведување постапка за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за време на изборната кампања на предвремените парламентарни избори и извршен избор на ректор.

Во законски утврдените рокови од 24 часа, ДКСК до Ректоратот на УКИМ на рака однесе барање за доставување потребни документи и информации, но обидите да се достави останаа безуспешни, од причина што објектот беше затворен.

Поради неможноста да се обезбеди начелото на контрадикторност во постапката (обезбедување докази) и неможност да се утврди фактичката состојба, ДКСК донесе одлука за запирање на постапката по сопствена иницијатива, но постапувањето да продолжи по редовна постапка согласно член 23 од ЗСКСИ. Постапката е во тек.

### 2.2.3. ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ

Од 27 пријави по кои постапуваше ДКСК, 21 се доставени од познат подносител, а шест од непознат подносител.

На редовните седници кои ги одржа, ДКСК постапи и одлучи на следниов начин:

- седум одлуки за запирање на постапката поради непотврдени наводи;
- единаесет одлуки за запирање на постапката поради непостоење елементи за натамошно постапување;
- шест одлуки за отфрлање на пријавите;
- две одлуки за доставување на пријавите на надлежно постапување на други органи;
- со една одлука утврди основаност на наводите за што изрече соодветна мерка.

Во Анекс 3 кон овој извештај даден е детален преглед за постапувањето на ДКСК по доставените пријави.

## 3. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ВО ВРСКА СО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА 2020 ГОДИНА

Законот за измена на Изборниот законик беше објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020 од 16.2.2020 година, во ист ден кога претседателот на Собранието на Република Северна Македонија го донесе решението за распишување на предвремените избори за пратеници во Собранието на РСМ. Воедно тоа е ден кога започнува изборниот процес и стапуваат на сила забраните предвидени во членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ.

Измените во членовите 83 – финансирање на изборни кампањи и членовите 84-б, 85 и 85-а– известување[4], создадоа обврска учесниците во текот на изборната кампања да доставуваат повеќе времени извештаи, без притоа за истите да бидат пропишани соодветни обрасци. Ова од своја страна создаде нееднаква примена на одредбите од самите учесници, така што Извештајот за примени донации на трансакциски сметки што учесниците ги доставија до ДКСК беше доставуван и на обрасци кои не се применуваат од 2017 година.

Во табела 1, прикажани се исполнувањата на обврските од страна на учесниците во изборната кампања во однос на изготвување и доставување на неколку видови извештаи согласно член 84-б од Изборниот законик.

[4] Членовите се наведени во Анекс 1

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА — ТАБЕЛА 1

| р.бр | ОПИС | Извештај со образец за примени донации на сметката за првите десет дена | | Извештај со образец за примени донации на сметка до денот пред одржување на втор круг | | Извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на сметка од денот на отворање до настапување на предизборен молк | Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Законска одредба | член 84-б став 2 | | член 84-б став 4 | | член 84-б став 1 | член 85 став 1 | |
| | рок за доставување | до 03.07.2020 | | 13.07.2020 | | 01.08.2020 | 25.10.2020 | |
| | | пропишани обрасци | други обрасци | пропишани обрасци | други обрасци | | пропишани обрасци | други обрасци |
| 1 | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ - ДПА | 12-2336/1 04.07.2020 | | 12-2443/1 13.07.2020 | | | | |
| 2 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | | 12-2337/1 04.07.2020 | 12-2436/1 13.07.2020 | | | 12-2337/2 11.08.2020 | |
| 3 | КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ – НОСИТЕЛ СДСМ | 12-2334/1 04.07.2020 | | 12-2429/1 13.07.2020 | | 12-2334/2 31.07.2020 | | |
| 4 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | | 12-2335/1 04.07.2020 | | 12-2335/2 14.07.2020 | | | 12-2335/3 07.09.2020 |
| 5 | АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА | 12-2349/1 06.07.2020 | | 12-2465/1 16.07.202 | | | | |
| 6 | ГЛАС ЗА МАКЕДОНИЈА | 12-2345/1 06.07.2020 | | 12-2345/3 14.07.2020 | | 12-2345/4 31.07.2020 | | |

ДКСК – KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА** **ТАБЕЛА 1**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | ГРАЃАНСКО ДЕМОКРАТСКА УНИЈА - ГДУ | 12-2348/1 06.07.2020 | | 12-2348/2 14.07.2020 | | 12-2348/3 06.08.2020 | | |
| 8 | ИНТЕГРА - МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА | нема доставено извештај | | нема доставено извештај | | | 05.08.2020 Доставен Извештај за период од 24.06.2020- 15.07.2020 | |
| 9 | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - ДУИ | 12-2332/1 04.07.2020 | | 12-2442/1 13.07.2020 | | | | |
| 10 | СДУ СКОПЈЕ МАКЕДОНСКИ КОНЦЕПТ | нема доставено извештај | | нема доставено извештај | | | 12-2646/1 10.08.2020 | |
| 11 | ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 12-2347/1 06.07.2020 | | 12-2441/1 13.07.202 | | 12-2347/2 06.08.2020 | 12-2347/2 06.08.2020 | |
| 12 | МОРО - РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | | 12-3279/1 08.07.2020 | | | | | 12-2379/3 17.08.2020 |
| 13 | НАРОДНА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ | нема доставено извештај | | нема доставено извештај | | | нема доставено | |
| 14 | ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | 12-2333/1 04.07.2020 | | 12-2440/1 13.07.2020 | | | | |
| 15 | ТВОЈА ПАРТИЈА | 12-2439/1 13.07.2020 | | | | | 12-2439/2 26.08.2020 | |

Ова укажува дека и покрај задолжителната обврска и јасно дефинираните рокови за доставување извештаи утврдени во Изборниот законик, учесниците во изборната кампања истата не ја исполнуваат во целост.

Согласно член 85 став 1 од Изборниот законик, „Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциска сметка од членот 71 ставови (10) и (11) да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања, финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања“. Од причина што трансакциската сметка се затвора во рок од 60 дена од денот на објавување на конечните резултати од изборот на пратеници[5], обврската за доставувањето на овој вкупен финансиски извештај трае до 25.10.2020 година. Бидејќи рокот за доставување на вкупните финансиски извештаи за изборната кампања е во тек, ДКСК ги прикажува доставените финансиски извештаи до денот на издавање на овој извештај.

Врз основа на анализата на доставените извештаи за примени донации на трансакциските сметки, како и извештаите со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање, ДКСК утврди дека за одредени учесници во изборната кампања постои сомневање за непочитување на одредбата од член 83 став 2 алинеја 1, односно дека средствата од редовната сметка на политичката партија се користени за изборно финансирање. Во табела 2 прикажани се висината на средствата и нивните извори од каде учесниците во изборната кампања ги обезбедиле.

Согласно своите надлежности предвидени во член 35 став 2, ДКСК достави барања до надлежни органи за проверка на изворот на средствата на пет учесници во изборната кампања. Проверките се во тек.

[5] ДИК: Заклучок за објавување конечни резултати ... број 08-1966/3 25.7.2020 година

## ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И ИЗВОРИ НА НИВНО ФИНАНСИРАЊЕ

**ТАБЕЛА 2**

| | Политичка партија/ коалиција | Вкупно приходи на изборна сметка | Донации од физички лица | Донации од правни лица | Донации во услуги | Трансфер од редовна сметка на партијата-членарини | Трансфер од редовна сметка - донации физички лица | Трансфер од редовна сметка - донации од правни | Трансфер од редовна сметка | Примени донации заклучно со 2019 г на редовна сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Демократска партија на Албанците | 1,032,000 | 1,032,000 | | | | | | | нема донации |
| 2 | Демократ | 238,200 | | | | | | | 238,200 | 351,000 |
| 3 | Можеме СДСМ | 14,214,985 | 6,684,750 | | 2,117,040 | | 5,413,195 | | | 14,621,203 |
| 4 | Левица | 3,550,700 | 10,700 | | | | | | 3,540,000 | 1,459,463 примените донации се во помал износ од трансферираните |
| 5 | Алијанса за Албанците и Алтернатива | 6,001,000 | 1,000 | | | | 6,000,000 | | | нема примено донации |
| 6 | Глас за Македонија | 1,027,700 | 424,000 | | 49,200 | 554,500 | | | | 1,839,747 |
| 7 | Граѓанско Демократска Унија | 770,901 | 770,901 | | | | | | | |

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И ИЗВОРИ НА НИВНО ФИНАНСИРАЊЕ

**ТАБЕЛА 2**

| | Политичка партија/ коалиција | Вкупно приходи на изборна сметка | Донации од физички лица | Донации од правни лица | Донации во услуги | Трансфер од редовна сметка на партијата-членарини | Трансфер од редовна сметка - донации физички лица | Трансфер од редовна сметка - донации од правни | Трансфер од редовна сметка | Примени донации заклучно со 2019 г на редовна сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Интегра | 1,840,300 | | 1,494,900 | | | | | 345,400 | донациите се позајмици од правни лица |
| 9 | Демократска унија за интеграција | 4,553,600 | 1,212,500 | 308,000 | 33,100 | | 1,921,809 | 1,078,191 | | 9,869,106 |
| 10 | Социјалдемократска Унија – СДУ | 421,500 | 421,500 | | | | | | | |
| 11 | Единствена Македонија | 2,285,708 | | | | | | | 2,285,708 | нема примено донации |
| 12 | МОРО - Работничка партија | 9,600 | 9,600 | | | | | | | |
| 13 | Народна Партија на Ромите | 0 | | | | | | | | |
| 14 | Обнова за Македонија - ВМРО | 47,294,175 | 11,814,949 | 600,000 | | | 32,215,586 | 2,663,640 | | 1,800,000 примените донации се во |

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И ИЗВОРИ НА НИВНО ФИНАНСИРАЊЕ

**ТАБЕЛА 2**

| | Политичка партија/ коалиција | Вкупно приходи на изборна сметка | Донации од физички лица | Донации од правни лица | Донации во услуги | Трансфер од редовна сметка на партијата- членарини | Трансфер од редовна сметка - донации физички лица | Трансфер од редовна сметка - донации од правни | Трансфер од редовна сметка | Примени донации заклучно со 2019 г на редовна сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | помал износ од трансферираните |
| 15 | Твоја Партија | 47,200 | 7,000 | | | 40,200 | | | | |

## 4. СИСТЕМСКИ НЕДОСЛЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ

Применувајќи ги одредбите на Изборниот законик и ЗСКСИ особено во делот на постапување на ДКСК, констатирани се одредени недоречености, а се однесуваат на:

- Со член 8-б од Изборниот законик е утврдено дека за потребите на изборната кампања, забрането е користење канцелариски простор, канцелариска опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста. Исто така забрането е и вршење и обид за вршење притисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица. При измените на Изборниот законик, ДКСК предложи **воведување прекршочни санкции за член 8-б, но истите не беа прифатени,** така што и понатаму законските забрани и постапувањето на ДКСК во изборниот процес останува без ефекти.

- Согласно член 33 од ЗСКСИ, по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба. Во текот на постапката, подносителот на приговорот, како и претставник на јавната институција против која е поднесен приговорот се повикува и има право да присуствува на јавна седница. Со ваквото законско решение **не е докрај уредено правото на учество во расправата на засегнатите страни,** односно не е јасно дали во текот на седницата истите имаат право на изнесување/образлагање на своите факти и аргументи за конкретниот настан, а врз основа на што ДКСК ќе ја донесе својата одлука.

- Со последните измени на Изборниот законик, роковите за доставување вкупен финансиски извештај се намалени и согласно член 85, истите треба да се достават најдоцна во рок од 30 дена од затворањето на трансакциските сметки, кои пак се затвораат во рок од 60 дена од објавувањето на конечните изборни резултати. Крајниот датум за доставување на вкупните финансиски извештаи се совпаѓа со крајниот рок за доставување на Посебниот извештај на ДКСК за утврдените неправилности во изборната кампања, така што и понатаму останува ризикот овој Посебен извештај да не ги содржи сите релевантни информации и податоци од финансиските извештаи.

- Носители на активностите за имплементација на Изборниот законик се ДИК, ДЗР и ДКСК. Сепак, ниту со претходните законски решенија, ниту со последните измени во Изборниот законик, не е уредено која институција ДИК, ДЗР или ДКСК, за кои прекршувања, поднесува иницијатива за прекршочна постапка пред надлежен суд. Ситуацијата е уште посложена поради фактот што извештаите за примени донации, спецификациите за расходи на приходите и трошоците и вкупниот финансиски извештај се доставуваат до ДКСК, ДЗР и ДИК, па се поставува прашањето: дали ако учесникот во изборната кампања не доставил извештај до ДКСК (а е доставен до ДИК и ДЗР), ДКСК може да покрене иницијатива пред надлежен суд?

- Согласно членовите 78-а став 11, 84-б став 5, и 85-а став 4, Министерството за финансии е обврзано да ги пропише сите обрасци за извештаите кои учесниците во изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми, електронските медиуми и правните лица кои стопанисуваат со билборди ги доставуваат до ДКСК, ДЗР и ДИК, иако самото министерство не е институција

кон која се доставуваат овие извештаи. Фактот што Министерството исто така нема обврска да ги прибира и анализира извештаите, го наметнува прашањето дали истото има капацитет да пропише обрасци кои ќе дадат информации и ќе ги задоволат реалните потреби на другите корисници во изборниот процес, пред сè на ДЗР и ДКСК?

- Измените на Изборниот законик од 16.2.2020 година, ги зголемија изворите на финасирање на изборните кампањи на начин што согласно член 83 став 2 алинеи 2 и 3 се овозможи членарините и донациите кои политичките партии ги добиваат на партиските сметките за редовно работење, да бидат искористени за финансирање на изборната кампања. Ова посебно се однесува на донациите од правни и физички лица, кои согласно Законот за финансирање на политичките партии се во износи поголеми од износите на донации предвидени со Изборниот законик. Забележани се и ситуации кога исто лице во изборниот период донира и на изборната сметка за кампањата, но и на трансакциската сметка на партијата, чиј кумулативен износ го надминува износот од 3.000 евра во денарска противвредност. На овој начин доведена е во прашање ефективноста на ограничувањето на износите за донации предвидени во член 83 став 2 алинеи 4 и 5 од Изборниот законик.

- Во делот на рекламирање преку рекламни паноа и билборди (член 78-а од ИЗ), забележани се други начини на рекламирање: висечки реклами над булевари, над раскрсници, кои како опција не се предвидени со законот. Ваков начин на рекламирање е забележан на повеќе градови, без притоа да постои законски уреден начин за добивање согласност и одобрување за нивно поставување од локалните власти.

  Друг аспект на рекламирањето преку рекламни паноа и билборди е начинот на распределба на истите предвиден со член 78-а став 4. Имено, иако во наведениот член се вели дека закупот на билборди е на транспарентен и недискриминирачки начин, ограничувањето на парламентарните партии кои немаат пратеничка група за користење 10 % од вкупниот број на рекламни паноа и билборди исто како и за вонпарламентарните партии со 10 %, е доволно дискриминирачко и ограничувачко само за себе.

- Со Законот за финансирање на политичките партии, со член 17 предвидено е дека партиите се должни на својата веб-страница да го објават регистарот на донации на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период, исто како што треба да го објават и годишниот финансиски извештај согласно член 27-а од истиот закон. За потребите за обезбедување информации за добиени донации во текот на 2019 година, ДКСК наиде на реални проблеми при обезбедувањето на истите од причина што само две-три партии на своите веб-страници овозможиле достапност на овие информации. Иако со член 31 став 5 од ЗСКСИ е наведено дека *„политичките партии се должни до ДКСК да ги достават извештаите за финансирање во рок утврден во Законот за финансирање на политичките партии“*, по доставеното барање од ДКСК до партиите за добивање на годишните финансиски извештаи за 2019 година, имаше реакции од партиите дека тоа не е обврска според ЗФПП. Од таа причина, потребно е обврската за доставување на годишните финансиски извештаи во ЗФПП да се прошири и за истите да се предвиди обврска за доставување и до ДКСК.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Постапувајќи согласно член 32 став 10 од Законот за спречување на корупцијата, ДКСК подготви Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на политичките партии за време на изборната кампања за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија - 2020 со цел запознавање на Собранието на Република Северна Македонија со констатациите за утврдените состојби.

2. Во функција на исполнување на својата превентивна улога, ДКСК на својата веб-страница објави Соопштение укажувајќи на законските забрани и норми на однесување на институциите и носителите на јавни функции во изборниот период кои се предвидени со членовите 8-а, 8-б и 8-в од Изборниот законик, како и членовите 33 до 35 во Законот за спречување корупција и судир на интереси.

3. Во извештајниот период ДКСК, постапи по вкупно 33 предмети од кои 27 предмети оформени по пријави од граѓани, еден предмет отворен по сопствена иницијатива и пет предмети оформени по поднесени приговори од организатори на изборна кампања со наводи за сомневање за сторени прекршувања и непочитување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Од вкупно 33 предмети решени се 32, а постапката отворена по сопствена иницијатива е сè уште во тек.
   Од пет приговори поднесени од организатор на изборна кампања, кај три од нив ДКСК констатира дека наводите не се потврдуваат и приговорите се одбиени, додека кај два приговори утврди дека наводите се основани и презеде конкретни мерки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

4. Постапувајќи согласно со одредбите од Изборниот законик, ДКСК на својата веб-страница ги објави доставените финансиски извештаи од учесниците во изборната кампања согласно член 84-б, извештаите за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања доставени од страна на радиодифузерите и печатените медиуми, како и извештаите за рекламирање преку билборди доставени од правните лица кои стопанисуваат со нив.
   Рокот за доставување на вкупните финансиски извештаи за изборната кампања од страна на учесниците во изборната кампања за Изборите 2020 до ДКСК е во тек.

5. Согласно надлежностите на ДКСК предвидени во член 35 од ЗСКСИ, во случаи на сомневање за користење противправни или анонимни извори за финансирање на изборните кампањи, ДКСК достави барања до надлежни институции за проверка на изворите на финансирање на пет учесници во изборната кампања за избор на пратеници.

6. Применувајќи ги одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување корупција и судир на интереси особено во делот на постапување на ДКСК, констатирани се недоречености и слабости во законските решенија.

## 6. ПРЕПОРАКИ

Во насока на надминување на утврдените состојби и унапредување на изборниот процес, Државната комисија за спречување корупција, предлага Собранието на Република Северна Македонија да ги преземе следниве активности:

Да утврди потреба и да се пристапи кон усогласување на Изборниот законик во делот на:

- Пропишување прекршочни одредби за повреда на член 8-б;

- Преиспитување на одредбите од член 84-б и намалување на бројот на извештаите што учесниците во изборните кампањи треба да ги достават до ДИК, ДЗР и ДКСК, како и намалување на рокот за доставување на вкупниот финансиски извештај предвиден со член 85 од Изборниот законик;

- Да се преиспита надлежноста на Министерството за финансии во однос на пропишување на обрасците на извештаите што учесниците во изборните кампањи, радиодифузерите, печатените и електронските медиуми и правните лица што стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да ги достават до ДИК, ДЗР и ДКСК.

- Преку законска обврска да се предвиди фунционирање на веб-платформа која ќе ги обедини сите учесници во изборната кампања, радиодифузерите, печатените и електронските медиуми, правните лица што стопанисуваат со рекламните паноа и билборди во однос на регистрација за рекламирање во изборни кампањи (за медиуми) и доставување на сите видови извештаи (медиуми и учесници). Постоењето на ваква платформа ќе го надмине проблемот со доставување извештаи до ДКСК, ДЗР и ДИК, а ќе се зголеми транспарентноста и пред јавноста.

- Преиспитување на висината на износот на донациите што од партиската сметка за редовно работење се трансферира на изборната сметка и нивно усогласување со износите на донации предвидени со член 83 став 2 алинеи 4 и 5 од Изборниот законик.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TE KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

## Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси
**(Службен весник на РМ 12/2019)**

### IV. Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи

Член 32

(1) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, Државната комисија по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.
(2) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кое е поднесен, во рок од 24 часа од приемот на приговорот.
(3) Лицето од ставот (2) на овој член може да се изјасни за наводите во приговорот во рок од три дена од денот на неговиот прием.
(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.
(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од денот на закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на организаторот на кампањата против кого е поднесен приговорот.
(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.
(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од донесената одлука.
(8) Организаторите на изборна кампања се должни до Државната комисија да ги достават извештаите за финансирање на изборната кампања во рок утврден со Изборниот законик.
(9) Организаторите на изборните кампањи се должни да достават и други податоци по барање на Државната комисија заради спроведување на нејзината надлежност за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи.
(10) Државната комисија, најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите, до Собранието на Република Македонија доставува на разгледување посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува и на веб страницата на Државната комисија.

### Контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори

Член 33

(1) Државната комисија е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.
(2) Во случај на прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од овој закон

кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите, Државната комисија по сопствена иницијатива или по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба.
(3) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кого е поднесен во рок од 24 часа од приемот на приговорот. Лицето може да се изјасни за наводите во приговорот, во рок од три дена од денот на приемот на приговорот.
(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.
(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на јавната институција против која е поднесен приговорот.
(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.
(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати**

Член 34

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:
- да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори,
- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Забрана за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори

Член 35

(1) Политичка партија или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства противправно или од анонимни извори.
(2) Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства противправно или од анонимни извори, Државната комисија ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до неа да достават детален извештај за користењето на средствата.
(3) Проверката на приливот на средствата или други уплати преку банка, по барање на Државната комисија, не претставува повреда на банкарска тајна.
(4) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија во рок од седум дена од денот на утврдување на основаноста на сомневањата, иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

**Утврдување на злоупотреба на финансирање на политички партии за време на изборна кампања**

Член 36

(1) Кога постојат основи за сомневање дека имот во сопственост на Република Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања.
(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, за тоа без одлагање ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности.
(3) Државната комисија најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

## ИЗБОРЕН ЗАКОНИК

Изборен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019 и 42/2020). Одлуки на Уставниот суд: У. бр. 87/2006 од 15 ноември 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2006; У. бр. 93/2014 од 11 февруари 2015 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2015, У. бр. 35/2017 од 17 мај 2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2017 и У. бр. 82/2017 од 10 јули 2019 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/2019.

Член 8-а

1. Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:
   - Укината со Одлука на Уставен суд У.бр. 35/2017 од 17.05.2017 година;
   - да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
   - да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори и
   - да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.
2. Во периодот од 20 дена пред отпочнување на изборна кампања па до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите и до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:
   - Укината со Одлука на Уставен суд У.бр. 35/2017 од 17.05.2017 година;

- да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира, особено: давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.
- Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовни плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страна во посебна база за буџетски трошоци во изборен период.

3. Министерството за финансии две недели по распишување на изборите поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот кој се објавува на веб страната на Министерството за финансии.

Член 8-б

За потребите на изборната кампања, забрането е користење на канцелариски простор, канцелариска опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста.

Забрането е вршење и обид за вршење притисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица.

74-а

(1) Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања од овој законик, Државната комисија за спречување на корупција е должна да ги испита наводите и да одлучи по поднесениот приговор во рок од 5 дена по поднесување на приговорот.

(2) Државната комисија за спречување на корупција приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кое е поднесен, во рок од 24 часа од приемот на приговорот.

(3) Против одлуката на Државната комисија за спречување на корупција од став (1) на овој член, дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

(4) Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата.

78-а

(1) Дозволено е политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди.

(2) Максималниот број на рекламни паноа и билборди од ставот (1) на овој член кои може да се користат за политичко рекламирање изнесува 50% од вкупниот број на територијата на определена општина, градот Скопје, односно на територијата на кое определено правно лице стопанисува со истите.

(3) Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните пет изминати изборни циклуси.

(4) Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со следните критериуми:

- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- 10% од вкупниот број се достапни на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и
- 10% од вкупниот број се достапни на вонпарламентарните партии и независни кандидати во Република Македонија.

(5) Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни локациите кои се нудат за политичко рекламирање да ги распоредат согласно со критериумите од ставот (4) на овој член по пат на ждрепка.

(6) Ждрепката од ставот (5) на овој член ја спроведува Државната изборна комисија на Република Македонија.

(7) Доколку некоја политичка партија, коалиција или независен кандидат не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации, останатите политички партии и независни кандидати имаат право на закуп на истите.

(8) Правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени.

(9) Извештајот од став (8) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(10) Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(11) Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

Член 83

(1) Изборната кампања не смее да се финансира од:

- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен ако со овој закон не е поинаку определено,
- средства од јавни претпријатија и јавни установи,
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации,
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица,
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал - средства од неидентификувани извори.

(2) Изборната кампања може да се финансира од:

- средства од редовната сметка на политичката партија,[1]
- членарина на политичката партија,
- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност,
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност,
- кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

(3) Изборната кампања може да се финансира од донации од физички и правни лица во вид на пари, ствари и услуги чија вредност не смее да го надмине износот утврден со ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член.

(4) Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот (2) алинеи 2 и 3 од овој член учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

(5) Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

Член 83–а

(1) Како донација од членот 83 на овој закон се смета и:

- давањето бесплатни услуги на учесникот во изборната кампања,
- давањето услуги на учесникот во изборната кампања за кои плаќа трето лице и
- продажба на стоки или давање на услуги на учесникот во изборната кампања

[1] Согласно Член 57 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Сл. Весник на РСМ 40/2020), изборната кампања за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2020 година нема да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија

по цени пониски од пазарните.

(2) Продавачот на стоката, односно давателот на услугата е должен да го извести учесникот во изборната кампања за пазарната цена на продадената стока, односно извршената услуга и за тоа му доставува фактура.
(3) Разликата меѓу пазарната вредност и фактурираната вредност се смета за донација.
(4) Јавните претпријатија се должни да понудат еднакви цени за своите услуги кон сите учесници на кампањата преку официјални ценовници.

Член 84-б

(1) Учесникот во изборната кампања е должен во рок од 20 дена од денот на настапување на предизборниот молк за првиот круг и вториот круг на гласање доколку се одржува, да поднесе извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на првиот изборен круг.
(2) Учесникот во изборната кампања е должен на 11-тиот ден од денот на изборната кампања, да поднесе Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка од член 71, став (1) за финансирање на изборната кампања.
(3) Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по завршување на изборната кампања да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка од член 71, став (1) за финансирање на изборната кампања.
(4) Учесникот во изборната кампања е должен еден ден пред одржување на вториот круг на гласање, да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка од член 71, став(1) за финансирање на изборната кампања.
(5) Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии во кој се содржани податоците за име односно назив на донаторот, вид и вредност на донации, датум на добивање на донации и расходите за секоја донација и приходи и расходи за време на изборната кампања, како и податоци за донации примени од трето лице.
(6) Составен дел на образецот од ставот (4) на овој член е Упатството за начинот на пополнување на образецот на извештајот.
(7) Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб страници.
(8) Извештаите кои што политичките субјекти ги доставуваат согласно со ставот (6) се должни да ги објават и на своите веб страници.
(9) Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитни организации.

Член 85

(1) Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциска сметка од членот 71 ставови (10) и (11) да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања „финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања (во натамошниот текст: финансиски извештај за изборната кампања)."
(2) Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува на образецот од

членот 84-б став (3) 4 на овој законик.

(3) Финансискиот извештај се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на градот Скопје.

(4) Финансискиот извештај од ставот (3) на овој член Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата јавно ги објавуваат на своите веб страници.

(5) Учесникот во изборната кампања на група избирачи, вишокот од собраните средства ќе го подари во добротворни цели.

(6) Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на извештајот од ставот (1) на овој член е должен да спроведе ревизија. Ревизијата се спроведува од денот на отворањето на трансакционата сметка за изборната кампања до завршувањето на трансакциите на таа сметка.

(7) Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на учесникот во изборната кампања, кои се спротивни на одредбите на овој законик поднесува барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.

(8) Државниот завод за ревизија има право при спроведување на ревизијата на финансискиот извештај на учесникот во изборната кампања да побара дополнителни објаснувања и податоци со цел целосно утврдување на евентуални неправилности во истиот.

(9) Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучуваат Меморандум за соработка во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките преземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор.

Член 85–а

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (електронските портали )во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Министерството за финансии, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

**Закон за финансирање на политичките партии**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/2004; 86/2008; 161/2008; 96/2009; 148/2011; 142/2012; 23/2013 и 140/2018). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 174/2005 од 08.03.2006 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2006.

Член 8

Јавните извори за финансирање на политичките партии се финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Македонија.

Член 10

Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број од гласовите на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на целата Република, или на последните одржани локални избори во единицата на локалната самоуправа.

Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 70% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија на последните одржани избори за пратеници, сразмерно на бројот на избраните пратеници и на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните одржани локални избори, сразмерно на бројот на избраните советници.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се распоредуваат на политичките партии со решение на министерот за правда.

Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа на политичките партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број гласови на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на цела Република, или на последните одржани локални избори во секоја општина и во градот Скопје, на ниво на општина, односно градот Скопје.

Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа по политичка партија за бројот на избраните пратеници во Собранието на Република Македонија на ниво на цела Република и за бројот на избраните советниците на последните локални избори на ниво на цела Република.

Член 10-а

Покрај средствата од членот 9 од овој закон во Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат и средства во висина од 280.000 евра во денарска противвредност за годишно финансирање на партиско истражувачко-аналитичките центри формирани согласно со закон како дел од внатрешната организација на политичката партија.

Средствата од ставот 1 на овој член се планираат во буџетот на Министерството за правда за секоја фискална година.

Распределбата на средствата од ставот 1 на овој член ќе се изврши согласно со закон.

Член 13

Приватни извори на финансирање на политичките партии се:

- членарина;
- кредит,

- донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства (во натамошниот текст: донации),
- легати,
- продажба на промотивен и пропаганден материјал и
- сопствени приходи согласно со овој закон.

Член 16

Вкупниот износ на поединечната донација не смее да ја надмине сумата од 60 просечни плати од правни лица и 30 просечни нето плати од физички лица во Републиката, исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика. Овој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот 1 на овој член, политичката партија не смее да ја користи и е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја врати на донаторот.

Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, политичката партија е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, донираната вредност да ја префрли на Буџетот на Република Македонија.

Член 17

Политичките партии водат регистар на донации.

Регистарот од ставот 1 на овој член ги содржи следниве податоци:
- името, односно називот на секој донатор поединечно,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

Регистарот од ставот 1 на овој член содржи податоци и за уплатените донации на субјекти кои директно или индиректно се поврзани со политичката партија или се под нејзина контрола.

Регистарот на донациите се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеца од влегувањето во сила на овој закон.

Политичките партии се должни на својата веб страница да го објавуваат регистарот на донации на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период, во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.

Член 25

Политичката партија подготвува извештај за добиените донации.

Извештајот за добиените донации ги содржи податоците од регистарот за донации.

Политичката партија извештајот од ставот 2 на овој член го доставува најдоцна до 31 март за претходната година заедно со годишниот финансиски извештај од членот 27 од овој закон до Државниот завод за ревизија.

Политичката партија извештајот од ставот 2 на овој член го доставува најдоцна до 31 март за претходната година до Управата за јавни приходи.

Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи се должни добиените извештаи да ги објават на своите веб страници

Член 27-а

Годишниот финансиски извештај политичката партија е должна јавно да го објави на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

**<u>Уредба</u>**
**<u>со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес</u>**
**(Службен весник на РСМ број 72/20 од 21.03.2020)**

Член 1

Со оваа уредба се регулираат прашања поврзани со изборниот процес, се изменува и дополнува Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20) и се утврдува прашањето за примена на одредби од законите кои се однесуваат на изборниот процес.

Член 2

Мандатот на членовите на Државата изборна комисија се продолжува и ќе трае 6 месеци од денот на одржување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Член 3

Со денот на стапување во сила на оваа уредба се прекинуваат сите изборни дејствија за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, кои се закажани за 12 април 2020 година.

Член 4

Се задолжува Државната изборна комисија да ја обезбеди и чува постојната изборна документација до продолжување на спроведувањето на изборните дејствија и изборите.

Член 5

Спроведувањето на изборните дејствија ќе продолжи од денот на престанок на вонредната состојба.
Сите изборни дејствија кои се преземени согласно одредбите на Изборниот законик до денот на стапување во сила на оваа уредба се сметаат за важечки.

Член 6

Се задолжува Државната изборна комисија во рок од еден ден од денот на престанок на вонредната состојба да објави на својата веб-страница ревидиран роковник за продолжување на изборните дејствија.

Член 7

Од денот на стапување во сила на оваа уредба па се до денот на престанок на вонредната состојба не се применуваат членовите 8-а, 75-г, 75-д и 84-а од Изборниот законик.

Од денот на стапување во сила на оваа уредба па се до денот на престанок на вонредната состојба не се преземаат никакви дејствија врз основа на Изборниот законик.

Член 8

Од денот на стапување во сила на оваа уредба па се до денот на престанок на вонредната состојба не се применува членот 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019).

Член 9

Оваа уредба стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес**
**(Службен весник на РСМ број 154/20 од 10.06.2020)**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.72/20), во членот 3, по зборот „година", се додаваат зборовите „освен за оние дејствија за кои со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено".

Член 2

По членот 8 се додаваат два нови члена, 8-а и 8-б, кои гласат:

„Член 8-а

Министерството за внатрешни работи во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, е должно да ги достави до Државната изборна комисија податоците од членот 43 ставот 6 на Изборниот законик и тоа листа на државјани кои поднеле барање за издавање на нова лична карта или патна исправа по било кој основ и истите ги подигнале од денот на распишување на изборите до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила и листа на лица кои ќе наполнат 18 години до денот на изборите, односно дваесет и вториот ден од престанокот на траењето на вонредна состојба. Државната изборна комисија податоците за овие лица ги впишува во избирачкиот список по службена должност.

Основните судови и Управата за водење на матичните книги, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, се должни да ги достават до Државната изборна комисија податоците за граѓаните согласно членот 43 ставовите 2 и 3 од Изборниот законик, заклучно со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Органот надлежен за извршување на санкциите во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила е должен да ги достави до Државната изборна комисија податоците за граѓаните согласно член 44 став 1 од Изборниот законик, заклучно со денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила.

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика се должни да ги продолжат дејствијата за ажурирање на избирачкиот список прекинати на 21 март 2020 година, согласно оваа уредба со законска сила и согласно Изборниот законик.

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, Државната изборна комисија ги презема и извршува сите неопходни технички и административни активности заради подготовка на преостанатите изборни дејствија, согласно Изборниот законик.

Член 8-б

Министерството за здравство, според утврдените протоколи од Комисијата за заразни болести, за потребите на изборите, а по добиени податоци од Државната изборна комисија, обезбедува заштитни маски, ракавици и друга потребна заштитна опрема за сите членови на изборните органи и средства за дезинфекција за секое избирачко место."

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република
Северна Македонија".

**<u>Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година</u>**
**(Службен весник на РСМ број 160/20 од 15.06.2020)**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година и се уредува примената на одредби на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20), како и прашања за примена на одредби од други закони кои се однесуваат на изборниот процес.

На изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, закажани за 15 јули 2020 година се применуваат одредбите од Изборниот законик, освен за оние дејствија за кои со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

Член 2

Дејствијата за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, распишани со Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/20 и 159/20), не се спроведуваат за време на вонредната состојба, освен ако со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

Спроведувањето на останатите изборни дејствија, кои не беа спроведени до влегувањето во сила на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/20) е продолжи од денот на престанок на вонредната состојба, освен ако со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

Сите изборни дејствија кои се преземени согласно одредбите на Изборниот законик и Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/20 и 154/20) до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила се сметаат за важечки.

Член 3

Државната изборна комисија во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила објавува на својата веб-страница ревидиран роковник за продолжување на изборните дејствија согласно одредбите на Изборниот законик и оваа уредба со законска сила.

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, Државната изборна комисија ги презема и извршува сите технички и административни активности заради подготовка на преостанатите изборни дејствија, согласно Изборниот законик и оваа уредба со законска сила.

Член 4

Министерството за внатрешни работи во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, е должно да ги достави до Државната изборна комисија податоците од членот 43 ставот 6 на Изборниот законик и тоа листа на државјани кои поднеле барање за издавање на нова лична карта или патна исправа по било кој основ и истите ги подигнале од денот на распишување на изборите до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила и листа на лица кои е наполнат 18 години до денот на изборите. Државната изборна комисија податоците за овие лица ги впишува во избирачкиот список по службена должност.

Основните судови и Управата за водење на матичните книги, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, се должни да ги достават до Државната изборна комисија податоците за граѓаните согласно членот 43 ставовите 2 и 3 од Изборниот законик, заклучно со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Органот надлежен за извршување на санкциите, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила е должен да ги достави до Државната изборна комисија податоците за граѓаните согласно член 44 став 1 од Изборниот законик, заклучно со денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила.

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика се должни да ги продолжат дејствијата за ажурирање на избирачкиот список прекинати на 21 март 2020 година, од моментот на нивниот прекин, согласно одредбите на оваа уредба.

Член 5

Изборната кампања за изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија започнува на 24 јуни 2020 година, при што 13 и 14 јули 2020 година се денови на изборен молк.

Државната изборна комисија изборниот материјал го предава на општинските изборни комисии најдоцна во рок од 96 часа пред денот на одржување на изборите.

На 13 јули 2020 година гласаат лицата кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат. При спроведувањето на гласањето на овие лица се применува членот 111 од Изборниот законик.

Во општините во кои гласаат лицата од став 3 од овој член, во зависност од нивниот број, Државната изборна комисија формира еден или повеќе посебни избирачки одбори составени од тројца здравствени работници кои го спроведуваат гласањето на лицата од ставот 3 од овој член, при што политичките партии имаат право да именуваат член во посебниот избирачки одбор согласно член 38 ставовите 5 и 6 од Изборниот законик.

На 14 јули 2020 година гласаат немо ни и болни лица согласно член 111 од Изборниот законик, како и хронично болните лица и останатите лица кои согласно Изборниот законик гласаат еден ден пред одржувањето на изборите.

Дејствијата на изборните органи кои согласно Изборниот законик се превземаат еден ден пред одржувањето на изборите, е се спроведуваат во рокови утврдени со роковникот на Државната изборна комисија.

Член 6

Гласањето на 15 јули 2020 година започнува во 07:00 часот и трае непрекинато до 21:00 часот.

Полицијата го обезбедува гласачкото место непрекинато почнувај и од 6:00 часот до 21:00 часот.

Објавувањето на резултатите од испитување на јавното мислење спроведено на денот на изборите согласно членот 77 став 3 не може да биде пред 21:00 часот.

Во 21:00 часот гласачкото место се затвора, а на гласачите кои се затекнале во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат.

Избирачкиот одбор не може да започне со броење на гласовите пред 21:00 часот.

Член 7

За време на изборната кампања, радио дифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 14 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од власта кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови можат да се одвојат најмногу шест минути, за двете најголеми партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови можат да се одвојат најмногу шест минути, за политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија и за независни кандидати можат да се одвојат најмногу две минути.

Член 8

Министерството за здравство, според утврдените протоколи од Комисијата за заразни болести, за потребите на изборите, а по добиени податоци од Државната

изборна комисија, обезбедува заштитни маски, ракавици и друга потребна заштитна опрема за сите членови на изборните органи и средства за дезинфекција за секое избирачко место.

Член 9

Од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила па се до денот на престанокот на траењето на вонредната состојба не се применуваат членовите 8-а, 75-г, 75-д и 84-а од Изборниот законик.

Од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила па се до денот на престанок на траењето на вонредната состојба не се применува членот 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси
(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19).

Член 10

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година (Службен весник на РСМ број 169/20 од 22.06.2020)**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/20), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:
„Член 5-а

Доколку не се исполнети просторните услови на просторијата во која е сместено гласачкото место или просторијата каде што треба да се спроведува гласањето Државната изборна комисија може да определи друг
соодветен простор кој ги исполнува условите за спроведување на гласањето.“

Член 2

Во членот 7 по зборот „емитуваат“ се додаваат зборовите „вкупно 15 часа на ден платено политичко рекламирање, односно“, а по зборовите „две минути“ се става запирка и се додаваат зборовите „при што ниеден подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час за платено политичко рекламирање.“.

По ставот 1 се додава три нови става 2, 3 и 4 кои гласат:

„Подносител на листа кој е од редот на двете најголеми политички партии на власта може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час платено политичко рекламирање, доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи со тоа и ѝ отстапи дел од времето кое нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа,

најголемата политичка партија од власта која е подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час.

Подносител на листа кој е од редот на двете најголеми политички партии од опозиција може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час платено политичко рекламирање, доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи со тоа и отстапи дел од времето кое нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии од опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час.

Медиумите од членот 76 став 7 од Изборниот законик се должни бесплатно да ги емитуваат информативните и едукативните кампањи на Државната изборна комисија во траење од 30 секунди на секој час.".

Член 3

По членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-бкои гласат:

„Член 7-а

При распределбата на рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, согласно член 75-ѓ став 12 алинеја 1 од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од власта може да користи најмногу половина од просторот кој е одреден за рекламен простор наменет за двете најголеми политички партии од позицијата, освен доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи да и отстапи дел од просторот кој нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа, најголемата политичка партија од власта која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од просторот утврден во членот 75-ѓ став 12 алинеја 1 од Изборниот законик, како простор наменет за најголемите политички партии во власта.

При распределбата на рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, согласно член 75-ѓ став 12 алинеја 2 од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии во опозиција може да користи најмногу половина од просторот кој е одреден за рекламен простор наменет за двете најголеми политички партии во опозиција, освен доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи да и отстапи дел од просторот кој нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии од опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од просторот утврден во членот 75-ѓ став 12 алинеја 2 од Изборниот законик, како простор наменет за најголемите политички партии во опозиција.".

Член 7-б

При распределбата на финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно член 76-д од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од власта може да користи најмногу половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, освен доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи да и отстапи дел од другата половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа, најголемата политичка партија од власта која е подносител на

листа не може да користи повеќе од половина од средствата утврдени во членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик.

При распределбата на финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно член 76-д од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од опозиција може да користи најмногу половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик, освен доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи да и отстапи дел од другата половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик. Доколку едната од најголемите политички партии во опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од средствата утврдени во членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик.“.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 2

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Претседател на СДСМ и Генерален секретар на СДСМ | член 8- а став 2 од Изборниот законик и член 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | Овозможиле и одржале партиски јавен настан заради предизборна политичка промоција, на објект финансиран со буџетски средства и промоција на политичка партија | Во случајот станува збор за предвремено започната изборна кампања во време на вонредна состојба | ДКСК донесе **одлука за отфрлање на приговорот** поради предвремено започната изборна кампања, односно активностите се реализирани за време на вонредна состојба кога не се применуваат одредбите од член 34 од ЗСКСИ, поради што предметот е доставен на надлежност на ДИК<br><br>Против Одлуката, од подносителот до Управен суд поднесена е тужба по која донесена е пресуда УРП.бр.30/2020 со која тужбата се одбива како неоснована. |
| 2. | ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | Агенција за разузнавање | Користење службено возило за потребите на изборна кампања 8-б од Изборниот законик | Патничко моторно возило во сопственост на Агенцијата за разузнавање е користено во предизборни активности на коалицијата Можеме на подрачјето на општина Штип | Од обезбедената документација се потврди дека предметното возило од Агенцијата за разузнавање било дадено на користење на Министерството за здравство и истото на ден 28.06.2020 било користено од Министерот кој покрај службените обврски во Штип, учествувал и на настан организиран по повод претставување на програмата на | ДКСК донесе **одлука** со која **приговорот се усвојува**, поради основаност на сомневањата.<br>До Влада на РСМ, ДКСК иницираше постапка за утврдување на одговорност за министерот за здравство, по која сеуште немаме добиено одговор. |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 2

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Коалицијата „Можеме“ во рамки на изборната кампања | |
| 3. | ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | Агенција за млади и спорт | Член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и Член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | Објава на Оглас за финансиска поддршка на фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата | Огласот од страна на Агенцијата за млади и спорт е објавен согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Ковид-19 кризата насочени кон младите за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.156/20) и членот 6 во кој се утврдени и роковите за Огласот.<br>Согласно член 8 став 3 од Уредбата, Комисија за финансиска поддршка на здруженија и фондации изготвува Извештај со предлог и податоци за одобрување средства за барателите што имаат доставено комплетна документација од член 6 став 1 од оваа уредба со законска сила и истиот го доставува до директорот на Агенцијата за млади и спорт. Согласно став 4 од истиот член од уредбата, директорот на Агенцијата врз основа на извештајот донесува решенија за финансиска поддршка.<br>Во Уредбата не се утврдени рокови за изготвување на Извештај со предлог и | ДКСК донесе **одлука за отфрлање на приговорот** поради непотврдени и неосновани наводи |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 2

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | податоци за одобрување средства за барателите, ниту за донесување на решенија за финансиска поддршка. Од страна на директорот на Агенцијата за млади и спорт е доставена изјава дека решенија нема да бидат донесени, ниту ќе бидат потпишани договори за реализација на проектите до завршување на предвремените парламентарни избори 2020. | |
| 4. | ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | Директор на Јавното претпријатие за државни патишта, Претседател на СДСМ и Генерален секретар на СДСМ | 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик и член 36 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | Овозможиле и одржале партиски јавен настан заради предизборна политичка промоција, на објект финансиран со буџетски средства | Во случајот станува збор за предвремено започната изборна кампања во време на вонредна состојба | ДКСК донесе **одлука за отфрлање на приговорот** поради предвремено започната изборна кампања, односно активностите се реализирани за време на вонредна состојба кога не се применуваат одредбите од член 34 од ЗСКСИ, поради што предметот е доставен на надлежност на ДИК |
| 5. | ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на | Објава на оглас за финансиска поддршка на фондации за мерки за справување со Ковид 19 кризата., склучување | Иако распределбата на средствата за финансиска поддршка во предметниот случај е предвидена со соодветна програма, поради недефинираните рокови за исплата на | ДКСК донесе **одлука** со која **приговорот се усвојува**.<br><br>Влада на Република Северна Македонија – Генерален |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 2

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | корупцијата и судирот на интереси | на договори и исплата на средства од Буџетот на РСМ во време на изборна кампања | средствата, истата не претставува основ за нивен третман како субвенции или дозволени еднократни исплати. Исплатата на средствата во рок од 30 дена од потпишување на договорот, како и периодот за реализација на проектите од 2, 3, 4, 5 и 6 месеци, не упатува на итност на доделување на средствата заради санирање на последиците од Ковид-19 кон целните групи | Секретаријат, на донесената одлука поднесе тужба до Управен суд . Донесена е пресуда УРП.бр.32/2020 со која тужбата се уважува, одлуката на ДКСК се поништува, а приговорот на ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ се одбива како неоснован |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | непознат подносител | Министерство за одбрана | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Објавен е интерен оглас за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата на РСМ | Постапката по интерниот оглас е ставена во мирување се до завршување на изборниот процес, ДКСК не утврди прекршување на наведените одредби | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката** поради непотврдување на наводите |
| 2. | познат подносител – физичко лице | Агенција за катастар на недвижности (АКН) | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Поведена е дисциплинска постапка во време на изборен процес во АКН - Закажување на рочиште и покана за рочиште пред Дисциплинска комисија. Поведување на дисциплинска постапка претставува дејствие за кое постои веројатност за прекршување на членот 8 став 1 алинеја 3 од ИЗ доколку за сторениот прекршок може да се изрече мерка раскинување на работен однос, но претставува и суптилен притисок на вработените во државните институции во време на изборниот период | Доставено е Укажување до АКН конкретната дисциплинска постапка да се стави во мирување се до завршување на изборниот процес.<br>Од АКН беше доставено известување дека дејствијата на дисциплинската постапка се завршени пред приемот на Укажувањето од ДКСК, но и покрај тоа, поради видот на прекршокот, изречена е дисциплинска мерка од 30% од висина плата во траење на 1 месец како и дека работникот има право на користење на правни средства | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Нема елементи за надлежно постапување |
| 3. | познат подносител – физичко лице | Министерството за надворешни работи - Директорат за економска и јавна | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Поведена е дисциплинска постапка во време на изборен процес во Директоратот за економска и јавна дипломатија | Доставено е Укажување до Директоратот за економска и јавна дипломатија за спомената дисциплинска постапка да се стави во мирување се до | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>ДКСК нема елементи за натамошно постапување |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | дипломатија | | Поведување на дисциплинска постапка претставува дејствие за кое постои веројатност за прекршување на членот 8 став 1 алинеја 3 од ИЗ и претставува суптилен притисок на вработените во државните институции во време на изборниот период | завршување на изборниот процес. Министерството за надворешни работи- Директорот за билатерални односи постапил по Укажувањето на ДКСК, односно поведената дисциплинска постапка против административниот службеник е ставена во мирување се до завршување на изборниот процес на предвремените парламентарни избори 2020 година. | |
| 4. | познат подносител | ООУ Никола Карев Пробиштип | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Наводите се однесуваат на поведување на постапка за престанок на работен однос | Постапка за престанок на работниот однос на работник во ООУ "НИКОЛА КАРЕВ" Пробиштип е врз основа на донесено Решение од Државниот просветен инспекторат.<br>Доставено е Укажување од ДКСК споменатата постапка да се стави во мирување се до завршување на изборниот процес на предвремените парламентарни избори 2020 година.<br>Од ООУ Никола Карев добиено е известување дека по решение од Комисија за одлучување во втор | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Нема елементи за надлежно постапување |

ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | степен по работни односи, ДПИ има повторно постапено и издадено ново решение со кое се поништува претходно донесеното решение поради погрешно утврдена фактичка состојба, така што решението за престанок на работниот однос е ништавно. | |
| 5. | МИОА министер Дамјан Манчевски и дополнителен заменик министер Невенка С. Стојковски | Директор на ЈОУ Детската градинка "Планиниски цвет" Вевчани | Повреда на член 8-а од Изборниот законик | Наводите се однесуваат за политичко дејствување во работно време и злоупотреба на јавната институција - ЈОУ Детската градинка "Планиниски цвет" Вевчани за партиски цели кои се поврзани со организиран настан на ден 26.02.2020 година во врска со доделување на донација во вид на дидактички материјал за потребите на оваа градинка, на кој учествувале директорот и дел од персоналот на градинката (негователи и воспитувачи), Претседателот на СДММ и Претседателката на СДСМ од Вевчани | Утврдено е дека доделената донација во вид на дидактички материјал била дадена на директорот на споменатата градинка во присуство на дел од вработените без присуство на деца, | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Наводите не се потврдени |

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | познат подносител | Владата на Република Северна Македонија | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Донесена е Одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија од 18.02.2020 година, со која е поништено Решението за именување на Гоце Јанкуловски на работно место началник на Секторот за внатрешни работи Тетово - Биро за јавна безбедност заведено под број 22.6-20812/1 од 16.02.2020 година | Донесената Одлуката број 44-1683/1 од 18.02.2020 година од Владата на Република Северна Македонија за поништување на решенијата за распоредување на работно место и наредби за извршување работи и работни задачи со кое е поништено и решението со кое Гоце Јанкуловски се именува за началник на Секторот за внатрешни работи -Тетово, Биро за јавна безбедност бр.22.6-20812/1 од 16.02.2020 година не се во согласност со членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, со што е прекршена наведената забрана | ДКСК донесе **одлука за основаност на наводите.**<br><br>Постапката е запрена а одлуката е доставена до Владата на РСМ. |
| 7. | познат подносител | Технички - министер за внатрешни работи Наќе Чулев | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ и Законот за Влада на Република Северна Македонија | сомневање за незаконитости и коруптивни дејствија во постапка за избор на кандидати по објава на интерни огласи во Министерството за внатрешни работи, од страна на министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев | Се работи за прашање за кои е надлежна друга државна институција, односно се работи за несогласување помеѓу министерот за внатрешни работи и дополнителниот заменик на министер во кој случај согласно Законот за Владата на РСМ за решавање на ова прашање, надлежна е Државната изборна | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Предметот е доставен на натамошно надлежно постапување на Државната изборна комисија. |

**АНЕКС 3**

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | комисија | |
| 8. | познат подносител | службени лица во Агенцијата за вработување | член 8-а од ИЗ и член 34 од ЗСКСИ | Поведена е постапка за распоредување на работник на друго работно место без соодветно образложение во АВРСМ, Центар за вработување-Битола | Пријавата се однесува за случај на вознемирување на работно место-мобинг, кое дејствие не се случило за времетраење на изборниот период, туку било извршено пред донесување на Решението за распишување на предвремените парламентарни избори 2020 година на 16.02.2020 година | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>Нема елементи за надлежно постапување на ДКСК |
| 9. | непознат подносител | одговорни лица во ЈКП Дервен Велес | член 8-а од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ | Искажани се наводи за сомневања за незаконитости поврзани со доделување на решенија за плата на вработени на ден 27.02.2020 година во ЈКП Дервен–Велес со кои решенија на поголема група вработени им се исплатува поголема плата, додека на останатите им се намалува платата, што претставува директно финансиско влијание и кршење на Изборниот законик. | Од обезбедената документација утврдено е дека донесувањето на нови решенија за исплата на плата се должи на нов Правилник усвоен и одобрен од основачот Општина Велес пред започнување на изборниот процес, со што е извршено усогласување на исплата на платите во ЈКП Дервен со Законот за јавни претпријатија, а по барање на внатрешен ревизор од општина Велес.<br>Донесувањето на новите решенија за исплата на плата на вработените во ЈКП Дервен Велес е во согласност со законските | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Наводите не се потврдени |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | прописи од причина што правниот основ и ефектите од нивната примена не претставуваат повреда на членот 8-а од Изборниот законик | |
| 10. | познат подносител | Генерален Секретаријат на Владата на РСМ | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Поведена е дисциплинска постапка во време на распишани предвремени парламентарни избори во Генерален секретаријат на Владата на РСМ.<br><br>Преземените дејствија за поведување на дисциплинска постапка претставува дејствие за кое постои веројатност за прекршување на членот 8 став 1 алинеја 23 од ИЗ и претставува суптилен притисок на вработените во државните институции во време на изборниот период | ДКСК достави Укажување за законската обврска покренатата дисциплинска постапка да се стави во мирување се до завршување на изборниот процес.<br><br>Генерален секретаријат на Владата на РСМ достави Известување дека укажувањето на ДКСК е еднострано и дискриминирачко и побарано е од ДКСК да се изјасни врз основа на кои факти и докази ДКСК оценила дека постои прекршување на член 8 –а став 1 алинеја од ИЗ.<br>Повторно е доставено Известување до Генерален секретаријат на Владата на РСМ во кое е наведено дека ДКСК во постапувањето по оваа пријава не е обврзана да го почитува начелото на контрадикторност и | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Нема елементи за надлежно постапување на ДКСК |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | дадено е дополнително образложение дека поради можноста од изрекување на мерка престанок на работниот однос, дисциплинската постапка треба да се стави во мирување. | |
| 11. | познат подносител | одговорно лице во Службата за општи и заеднички работи при Владата на РСМ | повреда на Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за работни односи | Се побара да се изврши вонреден инспекциски надзор во Службата за општи и заеднички работи, поради добиени сознанија од повеќе службеници, за непочитување на наведените закони и за вршење на притисок врз вработените по повеќе основи, незаконско распоредување, неосновано поведени дисциплински постапки | ДКСК утврди дека поднесените наводи се поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по други законски основи по кои ДКСК не постапува | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>ДКСК нема надлежност за постапување<br>Пријавата е доставена е до Државен управен инспекторат на натамошно постапување. |
| 12. | познат подносител | Директор на ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ | повреда на член 37 став 2 и член 20 став 1 и 2 од Законот за јавните претпријатија | Се побара да се изврши вонреден инспекциски надзор врз постапката за донесувањето на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република С. Македонија и да се | ДКСК утврди дека поднесените наводи се поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по други законски основи по кои ДКСК не постапува | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>ДКСК нема елементи за надлежно постапување |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | утврди законитоста на согласноста на Управниот одбор на ова јавно претпријатие за донесување на Правилникот за систематизација на работните места во ова ЈП | | |
| 13. | познат подносител | Влада на РСМ | членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од ЗСК СИ, | Од Владата на РСМ, донесена е Одлука број 44-6353/1 од 23.06.2020 година за поништување на Решението за разрешување и именување број 13.3.-51097/1 од 22.06.2020 година за разрешување на Амир Далипи од работно место началник на СВР -Тетово во Бирото за јавна безбедност при МВР, донесено од министерот за внатрешни работи | Утврдено е дека **Решението за разрешување и именување**, донесено од министерот за внатрешни работи под бр. 13.3.-51097/1 од 22.06.2020 година и **Одлуката за поништување** на Решението за разрешување и именување, под број 44-6353/1 од 23.06.2020 година, донесена од Владата на РСМ **се донесени во време на траење на вонредната состојба**- во период кога важат одредбите од членот 9 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ број 160/2020), каде е пропишано дека од денот на стапување во сила на Уредбата па се до денот на | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>ДКСК нема елементи за надлежно постапување |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | престанок на вонредната состојба не се применува членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. | |
| 14. | познат подносител | Државна изборна комисија | член 78-4 став 3 од Изборниот законик | Незаконитости во користење на билборд, направено е прелепување на веќе закупен двостран билборд од страна на правно лице на место каде имало креативи на учесник на изборна кампања согласно склучен Договор за закуп на рекламни површини | Утврдено е дека се работи за прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, а ДКСК нема надлежност да се произнесува по однос на овие наводи бидејќи согласно Изборниот законик тоа е во надлежност на Државната изборна комисија | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>ДКСК нема елементи за надлежно постапување |
| 15. | непознат подносител | министер за внатрешни работи | член 8-а став 1 алинеја 2 и член 8-б од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Наводи за сомневање за користење на службени возила од страна на министерот за внатрешни работи за изборни цели и партиски активности | Сомневањата за прекршување на наведените членови не се основани поради посебните безбедносни протоколи за одредени функционери | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката.**<br><br>Наводите не се потврдени |
| 16. | непознат подносител | министер за внатрешни работи | член 8-а став 1 алинеа 2 и член 8-б од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеа 2 од ЗСКСИ | Наводи за сомневање за користење на службени возила за изборни цели и партиски активности | Констатирано е дека се работи за пријава со идентична содржина и наводи како пријавата со реден број 15 | ДКСК се повика на претходно донесената одлука за **запирање на постапката.**<br>Наводите не се потврдени |
| 17. | познат подносител | министерство за одбрана | член 9 став 1 од Изборниот законик | Искажани се наводи за сомневања за незаконско | Полковникот Драган Ковачки поднел барање на 12.03.2020 година за | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката.** |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | донесено Решение за мирување на работниот однос на вработен во Министерството за одбрана, со број ОУ бр. 04-69/1 од 13.04.2020 година. Посоченото лице е кандидат за пратеник од учесник во изборна кампања, а ефектите на решението се реализираат и во услови на вонредна состојба | мирување на работниот однос како предложен кандидат во Собранието на Република Северна Македонија. Министерството за одбрана по службена должност на 2403.2020 година се обратило до Државната изборна комисија со цел добивање потврда за кандидатурата на полковникот Драган Ковачки. Од ДИК е добиено известување дека именуваниот е утврден како кандидат на претстојните парламентарни избори за 2020 година. На 19.03.2020 година полковникот поднел барање за стопирање на барањето за мирување на работниот однос. По добивањето на известувањето од Државната изборна комисија, било донесено решение за мирување на работниот однос од причина што именуваното лице е утврдено како кандидат во Собранието на Република Северна Македонија. Против решението за мирување на работниот однос полковникот Драган Ковачки изјавил жалба број 2201/1 од 160.4.2020 година и истата е доставена до Државната комисија за одлучување во управната постапка и постапка од работен однос во втор степен со акт | ДКСК нема елементи за надлежно постапување |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на Министерството за одбрана ОУ број 04-2/7 од 24.04.2020 година, каде постапката е во тек.<br>Утврдено е дека во конкретниот случај постапиле други државни институции, кои согласно своите законски надлежности преземале конкретни дејствија | |
| 18. | познат подносител | Директор на Агенцијата за катастар на недвижности | член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ, | сомневања дека на вработен, кој воедно е и Претседател на Конфедерација на слободни синдикати и Синдикат на администрација и државна управа на Македонија му е поведена дисциплинска постапка на ден кога се објавува Колективен договор во Службен весник и тенденциозно се врши притисок кон синдикалниот претставник кој отворено се спротивставува на не репрезентативноста на потписникот на објавениот колективен договор, кој е објавен за време на распишани предвремени парламентарни избори | Со поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност согласно член 74 од законот за административни службеници не се работи за започнување на постапка за престанок на работен однос<br>Не е утврдено прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ, | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>Наводите не се потврдени |
| 19. | непознат | општина Кисела | член 8-а став 1 | Наводи за поведена постапка за | Со поведување на дисциплинска | ДКСК донесе одлука за |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | подносител | Вода | алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ | дисциплинска одговорност – за дисциплинска неуредност на административен службеник – Раководител на сектор во општината на кој му е изречена дисциплинска мерка – парична казна | постапка за дисциплинска неуредност согласно член 74 од законот за административни службеници не се работи за започнување на постапка за престанок на работен однос<br>Не е утврдено прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ, | **запирање на постапката.**<br><br>Нема елементи за натамошни постапување |
| 20. | познат подносител | Градоначалник на Град Скопје | член 8-а од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ | Наводи за донесување на одлуки на Советот на Град Скопје и склучување на договори за меѓу општинска соработка меѓу општини во Скопје, поврзани со финансиско учество за реконструкција на локален пат до село Бојане, општина Сарај и финансиско учество за реконструкција на улици во Нерези во општина Карпош, како начин на влијание над граѓаните во конкретните општини за гласање за политичка опција | Не е утврдено прекршување на наведените одредби | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката.**<br><br>Нема елементи за натамошни постапување |
| 21. | непознат подносител | Градоначалник на Град Скопје | член 8-а став 1 алинеја 2 и член 8-б од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја | Објавување на јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клими за 2020 година како начин на | Утврдено е дека не е сторено прекршување на наведените одредби бидејќи исплатата на финансиските средства на | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката.**<br><br>Нема елементи за |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

**АНЕКС 3**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 од ЗСКСИ | влијание над граѓаните да гласаат за политичка опција бидејќи ќе добијат субвенции | граѓаните по објавениот повик за субвенционирање, ќе се реализираат по завршување на изборниот процес 2020 година, и по исполнување на одредени предуслови (враќање на грејни тела на тврдо гориво) | натамошни постапување |
| 22. | ВМРО – ДПМНЕ | Градоначалник на Скопје, Аеродром, Гази Баба и Центар | член 8-а став 2 од Изборниот законик и членот 33 од ЗСКСИ | организирање на настан за започнување на градење на нов мост кој ќе ги поврзува градот и општините Аердром и Гази Баба | Известување до подносител дека не се смета за приговор<br><br>Не се потврдени наводите, констатирано е дека во предметниот случај не станува збор за организиран настан со кој се одбележува почетокот на градење на нов мост во Скопје кој ќе ги поврзува општините Аеродром и Гази Баба, туку станува збор за давање на јавна изјава од носител на јавна функција на интервју на медиум или одговор на новинарско прашање, а што согласно одредбите од Изборниот Законик, не се подразбира под забрана за одржување на јавни настани. | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>ДКСК нема елементи за надлежно постапување. |
| 23. | ВМРО – | Општина Прилеп | член 8-а од Изборниот | објавен Јавен повик за | Известување до подносител дека | ДКСК донесе одлука за |

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

АНЕКС 3

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДПМНЕ | | законик и на член 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ | субвенционирање/ надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување на клима уред – инверетери и купување велосипеди за 2020 година, каде е наведено дека исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до искористувањето на предвидениот буџет за соодветната намена. | не се смета за приговор .<br><br>ДКСК достави *Укажување* до Општината, со препорака исплатата на средствата по предметниот јавен повик да се изврши по завршувањето на изборниот процес.<br><br>Општина Прилеп постапи по укажувањето на ДКСК и распределбата и исплатата на средствата ќе биде извршена по завршувањето на изборниот процес и објавувањето на конечните резултати од предвремените парламентарни избори. | **запирање на постапката** нема елементи за натамошно постапување. |
| 24. | ВМРО-ДПМНЕ | Министерство за образование и наука | член 8-а од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | објавен текст со содржина: „Повторен Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија за студиската 2019/2020 година", а кој бил објавен по распишувањето на | Известување до подносител дека не се смета за приговор .<br><br>Министерството за образование на 08.10.2020 г. достави известување дека по објавениот конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови за студиската 2019/2020 | ДКСК донесе одлука за запирање на постапката<br><br>Наводите се неосновани |

**ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ** **АНЕКС 3**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | парламентарните избори 2020 година како можност за влијание врз гласачко тело | Резултатите сеуште не се објавени | |
| 25. | Познат подносител - ВМРО - ДПМНЕ | Министерство за транспорт и врски | член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Објава на оглас - од Министерство за транспорт и врски - за доделување на 37 станови во општина Струмица како начин на влијание на гласачко тело во изборен период | Известување до подносител дека не се смета за приговор .<br><br>Од Министерство за транспорт и врски добиено е известување дека со решение број 67-3072/1 16.04.2020 година, а врз основа на заклучок на Влада од 14.02.2020 година, огласот е поништен поради малиот број на поднесени барања и неможноста на заинтересираните лица навремено да ги обезбедат потребните документи поради мерките за заштита од Ковид-19 пандемијата | ДКСК донесе одлука за **запирање на постапката**<br><br>ДКСК нема елементи за натамошно постапување |
| 26. | ВМРО - ДПМНЕ | Министерство за образование и наука | член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Објава на оглас - од Министерство за образование и наука за награди на ученици, наставници и ментори | Известување до подносител дека не се смета за приговор .<br><br>Наводите се неосновани, не е констатирано прекршување на забраните од ИЗ и ЗСКСИ, | ДКСК донесе одлука за **отфрлање на пријавата**<br><br>наводи се неосновани |
| 27. | ВМРО - | Основен Кривичен | член 8-а став 1 | Објава на јавен оглас за избор на | Известување до подносител дека | ДКСК донесе одлука за |

АНЕКС 3

## ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДПМНЕ | суд | алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ | 50 судии поротници | не се смета за приговор . Констатирано е дека со преземените дејствија не се прекршени членот 8-а став 1 алинеја 3 од ИЗ | **запирање на постапката**<br><br>ДКСК нема елементи за натамошно постапување |